USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

eGov Project


**www.eGov.org.mk**

Проект е-Влада
Дане Крапчев 18
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3231 104
Факс: +389 2 3220 636

info@eGov.org.mk


# Одговорност преку транспарентност

## Општините воведуваат транспарентност, одговорност по пат на отварање на нов канал за комуникација

**( www.skopje.gov.mk; www.resen.gov.mk; www.strumica.gov.mk; www.kavadarci.gov.mk; www.gazibaba.gov.mk; www.veles.gov.mk; www.bitola.gov.mk; www.kocani.gov.mk; www.stip.gov.mk; www.gostivari.gov.mk; www.e-struga.gov.mk )**

### Цел

Да се отвори канал за граѓаните да влијаат и да бидат информирани во однос на дискусиите и одлуките во градскиот совет и администрација.

### Функции на апликацијата

Граѓаните можат да и пристапат на апликацијата преку порталот на општината и да испратат прашања и барања до било кој советник или до градоначалникот и да учествуваат во електронски форум. За сите настани и состаноци како и за дневниот ред за седниците на Советот информациите се достапни електронски. Граѓаните имаат пристап до нацрт документи како и до пребарување преку прашања, барања, коментари и предлози. Системот нуди статистика од прашањата кои се поднесени/одговорени/или одбиени од страна на управата, градоначалникот или советниците како одговор на граѓаните. Апликацијата исто така има дел за внатрешната управа во рамките на општината.

### Корисници

- Граѓаните
- Општинската управа и градоначалникот
- Советниците

### Специфични придобивки

- Едноставен и модерен канал за граѓаните да комуницираат со советниците во нивната општина, како и со општинската управа.
- Подобрена размена на информации во однос на дискусиите кои ги води и одлуките кои ги донесува советот.
- Зголемена одговорност и транспарентност на работата во рамките на општинските совети во Република Македонија.

### Статус

Системот е во функција од крајот на пролетта 2007 во 11 општини низ Македонија. По периодот на тестирање системот ќе и биде понуден на секоја општина.